Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
НАЦИОНАЛНА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
BIBLIOTEKA NACIONALE DHE UNIVERSITARE "SHËN KLIMENTI I OHRIT"
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 03.08.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 442/1 | | — |

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис,
____

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
**Ип 1 бр. 57-62**
**Датум: 03.08.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, НУ-Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | Бул. „Гоце Делчев" бр. 6 – Скопје |
| Адреса за е-пошта | kliment@nubsk.edu.mk |
| Телефон | 02/3115-177, 3226-846 |
| Матичен број на субјектот | 4065468 |
| Даночен број на субјектот | 4030974210496 |
| Број на жиро сметка на субјектот | [redacted] |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ-Скопје |

| Одговорно лице на субјектот: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: [redacted] в.д. директор | Телефон [redacted] | Е-пошта [redacted] |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 29.07.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 03.08.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | РСМ, НУ-Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Дејности на библиотеките и архивите (91.01) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Бул. „Гоце Делчев" бр. 6 – Скопје (општина Центар) | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура (во натамошниот текст: СУИН на МК) за месец јули 2022 година и Налогот од раководителот на СУИН на МК, бр. 57-62 од 07.07.2022 г., а во врска со наводите во Иницијативата од Секторот за инвестициски работи на Министерството за култура, бр. 50-6909/2 од 16.06.2022 г. доставена до СУИН на МК.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ (**во натамошниот текст: СУИН на МК**).

Предмет на вонредниот инспекциски надзор е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор НУ-Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Скопје (**во натамошниот текст: Библиотека**), од аспект на примена на одредбите од член 70-а став (4) и (5) од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а врз основа на наводите од Иницијативата од Секторот за инвестициски работи на Министерството за култура, бр. 50-6909/2 од 16.06.2022 година. Имено, во Дописот се бара надзор врз наменското и законско работење на Библиотеката во однос на присилна наплата (по 2 налога за извршување) на средства во износ од вкупно 2.205.082 денари од средствата преведени од страна на МК за исплата на фактури за снабдување со топлинска енергија кон Балкан Енерџи ДООЕЛ од Скопје за месец октомври 2021 г. и март 2022 година.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| в.д. директор | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваше и лицето [redacted] ангажиран со договор за дело за вршење на правни работи во Установата.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.
Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1. Врз основа на Налог за извршување И. бр. 1834/21 од 03.11.2021 г. од извршител [redacted] од буџетската сметка на Установата присилно се наплатени 633.986 денари (Банковен извод бр. 72 од 14.12.2021 г.), од коишто 477.742 денари од програма 84 ставка 421 (од преведните средства од МК за топлинска енергија за месец октомври 2021 г.) и 156.244 денари од програма 20 (програмски средства од библиотечна дејност).
При надзорот е утврдено дека присилната наплата на 633.986 денари е врз основа на неплатени обврски кон Друштвото за издавачка дејност „Конгресен сервисен центар“ ДООЕЛ-Скопје за печатење и издавање книги од проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик – Едиција „Про Македонија“.

Врз основа на Налог за извршување И. бр. 875/22 од 05.04.2022 г. од извршител [redacted] од буџетската сметка на Установата, од програма 84 ставка 421 (од преведните средства од МК за топлинска енергија за месец март 2022 г.) присилно се наплатени 1.069.471 денар (Банковен извод бр. 17 од 03.05.2022 г.).
При надзорот е утврдено дека присилната наплата на 1.069.471 денар е врз основа на неплатени обврски кон Друштвото за издавачка дејност „Наратива“ ДООЕЛ-Скопје за печатење и издавање книги од проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик – Едиција „Про Македонија“.

По присилната наплата, Библиотеката доставила до МК Барање бр. 05-323/1 од 31.05.2022 г. (заведено во МК под бр. 50-6909/1 од 01.06.2022 г.) за повторно преведување на средства за плаќање на фактури за испорачана топлинска енергија за месеците октомври 2021 г. и март 2022 г., а коишто биле одземени по двете извршни решенија од програма 84, односно, побарала дополнителни средства за топлинска енергија во износ од 2.205.082 денари.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Според презентираната документација, МК повторно превело средства на програма 84 конто 421 во износ од 2.205.082 денари (Банковен извод бр. 41 од 22.07.2022 г.), со коишто Библиотеката веднаш извршила плаќање на обврските кон Балкан Енерџи ДООЕЛ за топлинска енергија за месеците 10/21 и 03/22 (Банковен извод бр. 43 од 26.07.2022 г.)

10.2. При надзорот не е утврдено ненаменско трошење на средствата за снабдување со топлинска енергија на Библиотеката, преведувани од Буџетот на РСМ преку МК во текот на 2021 и 2022 година, од Програма 84 ставка 421.

Имено, при надзорот е утврдено дека присилната наплата од буџетската сметка на Библиотеката, по двете решенија на извршители, е по основ на неплатени обврски на Установата за печатење и издавање книги од проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик – Едиција „Про Македонија“ во претходни години.
Станува збор за проект којшто предизвика бројни проблеми во работењето на Библиотеката минативе 6 години и поради којшто, по извршените инспекциски надзори, за двајца претходни директори на Установата беа преземени соодветни инспекциски мерки.

Од страна на [redacted] претходен директор на Библиотеката, во текот на мај и јуни 2016 г., биле склучени вкупно 100 договори со избраните економски оператори, за издавање и печатење на секој поединечен наслов од Проектот - Превод на дела со историска содржина на македонски јазик, Едиција „ Про Македонија“ (втор дел), во вкупен износ од 27.384.846,19 денари, а средствата за реализација на договорите не биле обезбедени и планирани со Буџетот на РМ за 2016 г. и 2017 г., ниту пак реализацијата на Проектот била превидена во нацрт–годишните програми за работа на Библиотеката за 2016 г. и 2017 година. По извршениот вонреден инспекциски надзор во Библиотеката во 2017 г., врз основа на утврдена фактичка состојба констатирана со Записник Ип. 1 бр. 56–97 од 24.11.2017 г., поднесено е Барање за поведување на прекршочна постапка против претходен директор Ип 1 бр. 56-97 од 04.01.2018 година, за што од Основниот суд Скопје I- Скопје е донесена Пресуда 20 ПРК-О-15/18 од 21.11.2018 година.

Од страна на [redacted] исто така претходен директор (во перидот 8.11.2018 г. до 29.07.2021 г.), на 28.12.2018 година биле склучени анекси кон договорите со пет издавачи (АРС СТУДИО ТАМАРА“, „НАРАТИВА“, АРС ЛАМИНА“, МАГОР“ и „Конгресен сервисен Центар“) за реализација на Проектот - Превод на дела со

историска содржина на македонски јазик „ Про Македонија“ (втор дел), со коишто се создадени обврски на Библиотеката за периодот од 2019-2020 година, во вкупен износ од 20.818.104 денари. Со оглед дека за реализација на проектот не биле одобрени (обезбедени) средства од страна на МК за периодот од 2018 до 2020 година, по извршениот вонреден инспекциски надзор во Библиотеката во 2021 г., врз основа на утврдена фактичка состојба констатирана со Записник Ип. 1 бр. 57-40 од 27.05.2021 г., за превземање обврски над одобрените средства од Буџетот на РСМ спроведена е постапка за порамнување со тогашниот директор [redacted] односно издаден е и реализиран прекршочен платен налог. [redacted] е разрешен од должноста директор со Решение на министерот за култура бр. 44-9809/1 од 29.07.2021 година.

Поради ненамирените обврски по анекс-договорите со издавачите „НАРАТИВА“ и „Конгресен сервисен Центар“, од страна на нотар се донесени решенија за нотарски платен налог. По поднесените приговор и жалба од Библиотеката, донесени се пресуди од Основниот граѓански суд Скопје и од Апелациониот суд Скопје со коишто се потврдува Решението за нотарски платен налог.
Во согласност со соодветниот заклучок на Владата на РСМ, Министерството за култура и НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје склучиле Договор за преведување финансиски средства од Буџетот на МК за 2021 година за реализација на проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик – Едиција „Про Македонија“, во вкупен износ од 21.601.674,00 денари, а по преведувањето на средствата, Установата извршила исплата на главниот долг кон издавачите. Меѓутоа, останала неплатена затезната камата на главниот долг и трошоците поврзани со постапката пред нотар и суд, коишто се присилно наплатени со двете горенаведени решенија на извршител (за обврските кон издавачите „НАРАТИВА“ и „Конгресен сервисен Центар“).

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

- **не е утврдено ненаменско трошење на средствата за снабдување со топлинска енергија преведувани од Буџетот на РСМ преку МК во текот на 2021 и 2022 година, од Програма 84 ставка 421, а присилната наплата по двете решенија на извршители се должи на проблемот со неплатени обврски на Установата за печатење и издавање книги од проектот „Превод на дела со историска содржина на македонски јазик – Едиција „Про Македонија“, поради којшто, по извршените инспекциски надзори**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**во 2017 и 2021 г., за двајца претходни директори на Установата беа преземени соодветни инспекциски мерки.**

**Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не е утврдена неправилност во работењето на Библиотеката, инспекторот ја запира постапката согласно со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: [redacted] в.д. директор | [redacted] | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: | 03.08.2022 г. | Датум: | 03.08.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk